Врз основа на член 146 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ " бр. 103/08,33/10,116/10,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13,41/14,116/14, 135/14, 10/15,98/15,30/16,127/16 и 67/17) член 90 став 1 од Статутот на ЦОУ"Драга Стојановска"с.Ракотинци-Сопиште бр. 01-349/1 од 15.09.2009 година и Статутарните одлуки за изменување и дополнување на Статутот на ЦОУ„Драга Стојановска„с.Ракотинци-Сопиште бр. 01-519/1 од 01.09.2011 г. и 01-498/1 од 27.08.2014 г, Училишниот одбор на седница од 20.10.2017 година донесе предлог

Р. Македонија - R.e Maqedonisë
Општинско основно училиште - ... e fillore komunale
"ДРАГА СТОЈАНОВСКА" - "DRAGA STOJANOVSKA" pp
Бр. 02-477/3
20. 10 2017 год. viti
с. Ракотинци-Сопиште - f.Rakotincë-Sopishtë

**О Д Л У К А**
**за донесување**
**Развоен план на ООУ„Драга Стојановска„с.Ракотнци-Сопиште**
**за периодот 2017 од 2020 година**

Се донесува Развојниот план за работа на ООУ„Драга Стојановска„с.Ракотинци-Сопиште за период од 4 години од 2017 до 2020 година.

Развојниот план на училиштето се донесува врз основа на извештајот за извршената самоевалуација советодавната и стручна помош од Бирото за развој на образованието и препораките од извештајот од последната интегралната евауација споведена од Државниот просветен инспекторат со предлог мерките за подобрување на квалитетот на наставата во училиштето.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата која го организареше процесот на самоевалуација во училиштето,со извештајот за спроведената самоевалуација предложи и мерки и цели за подобрување на квалитетот на наставата за наредниот период од четири години.

Врз основа на извештајот за извршената самоевалуација и препораките од извештајот на последната интегралната евауација споведена од Државниот просветен инспекторат,училиштето подготви Развојниот план за периодот од 2017 до 20120 година со основни стратешки цели :

1.Подобрување на материјално-техничките услови во кои се реализира наставата со утврдување на конкретни развојни цели,задачи и активности,

2.Професионален развој на наставниците,стручните соработници и раководниот кадар со поголемо обезбедување на наставни средства и технички помагала за подобрување на квалитетот на наставата ,

3.Подобрување на постигањата на ученицие преку подобрување на соработката со родителите на учениците со послаби постигнувања во текот на учебната година,

4.Комуникација и односи со јавноста преку зачестна и зајакната вербална и невербална комуникација со родителите,медиумите и сл,

5.Партнерски однос со родителите и локалната самоуправа.

Одлуката е едногласно донесена од шест присутни членови на училишниот одбор.
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Копија :
архива

**Претседател на уч.одбор**
____________________
**Златановска Марија**